Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија 13
Примено: 26-12-2023
Орг.единица | Број | Прилог | Вредност
20 | 2955/1 | |

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 08-873/23
22.12.2023 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22) и членот 17 став (1) од Правилникот за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 247/23), а во согласност со Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија за потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 95/19, 271/20, 159/22 и 270/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 22 декември 2023 година, донесе

# ОДЛУКА
## за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за 2024 година, како и основен приход за 2024, 2025 и 2026 година за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје

1. Основниот приход (BR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје се одобрува да изнесува:

   - 6.326.590.069 денари, за 2024 година,

   - 6.531.530.018 денари, за 2025 година,

   - 6.747.345.419 денари, за 2026 година.

2. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија за 2024 година се одобрува да изнесува 11.873.296.276 денари.

3. Регулираната просечна тарифа за дистрибуција на електрична енергија за периодот од точка 2 од оваа одлука, се утврдува да изнесува 2,3960 ден/kWh за планирана испорака на 4.955.418.373 kWh електрична енергија за потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем.

4. Во согласност со регулираниот максимален приход (MAR) утврден со точка 2 од оваа одлука, и регулираната просечна тарифа за пренос на електрична енергија во износ од 0,2935 ден/kWh, утврдена со Одлука за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за 2024 година, како и основен приход за 2024, 2025 и 2026 година за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на АД МЕПСО - Скопје, тарифите за пресметковните елементи за категориите на потрошувачи, врз основа на кои Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, како вршител на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија, им го фактурира надоместокот за користење на дистрибутивниот систем, изнесуваат:

| Категории на приклучоци | Надоместок за пристап на електродистрибутивниот систем (денари/месец) |
|---|---|
| MV1 | 1500 |
| MV2 | 1500 |
| LV1.2 | 1500 |
| LV1.1 | 0 |
| LV2 | 200 |

| Категории на приклучоци | Тарифи за пресметковни елементи (без вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија) | | |
|---|---|---|---|
| | моќност (ден/kW) | активна електрична енергија (ден/kWh) | реактивна електрична енергија (ден/kvarh) |
| MV1 | 185,78 | 0,0858 | 0,0343 |
| MV2 | 375,85 | 0,2415 | 0,0966 |
| LV1.2 | 619,28 | 0,3837 | 0,1535 |
| LV1.1 | x | 3,0451 | x |
| LV2 | x | 2,0096 | x |

| Категории на приклучоци | Тарифи за пресметковни елементи (со вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија) | | |
|---|---|---|---|
| | моќност (ден/kW) | активна електрична енергија (ден/kWh) | реактивна електрична енергија (ден/kvarh) |
| MV1 | 185,78 | 0,3794 | 0,0343 |
| MV2 | 375,85 | 0,5350 | 0,0966 |
| LV1.2 | 619,25 | 0,6772 | 0,1535 |
| LV1.1 | x | 3,3386 | x |
| LV2 | x | 2,3032 | x |

5. Тарифите за пресметковните елементи за категориите на потрошувачи од точка 4 на оваа одлука се применуваат во период од отпочнувањето на примена на оваа одлука до 31 декември 2024 година.
6. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2024 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија, со седиште на ул. Лазар Личеноски бр.11 Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје), согласно Правилникот за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија (во понатамошниот текст: Правилник), на 24 ноември 2023 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за утврдување на регулиран максимален приход и регулирани тарифи за 2024 година, како и основен приход за 2024, 2025 и 2026 година за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија УП1 бр. 08-873/23 од 24 ноември (во понатамошниот текст: Барање). Кон барањето ја достави и потребната документација согласно Правилникот.

Регулаторната комисија за енергетика на 6 декември 2023 година објави Известување во врска со Барањето на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика. По објавеното известување, во рокот утврден во Известувањето, до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Регулаторната комисија за енергетика на 21 декември 2023 година на својата веб страница ја објави Предлог Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за 2024 година, како и основен приход за 2024, 2025 и 2026 година за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 15 став (3) од Правилникот изготви предлог одлука со образложение, која беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 22 декември 2023 година. На подготвителната седница беа поканети членовите на Регулаторната комисија за енергетика и претставници од: Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, АД МЕПСО Скопје, МЕМО ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ Скопје, АД ЕСМ Скопје – Подружница Енергетика, ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РСМ задолжен за економски прашања, Министерство за економија, Комисија за заштита на конкуренција, Агенција за енергетика на Република Северна Македонија, Стопанска комора на Северна Македонија, Стопанска комора на Северо-Западна Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, како и претставници од Советот за заштита на потрошувачите и Организацијата на потрошувачите на Македонија.

## Податоци од Барањето

Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и регулирани тарифи за 2024 година, како и основен приход за 2024, 2025 и 2026 година за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија, е поднесено во согласност со Правилникот.

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје во Барањето ги има презентирано следните податоци:

***Вредност на средствата за вршење на регулирана енергетска дејност (RAB), вредност на планирани инвестиции и пондерирана просечна цена на капиталот***

Според податоците дадени согласно Прилогот 5 од Правилникот, вредноста на средствата за вршење на регулираната енергетска дејност и приносот на средствата изнесува:

| Р.бр. | ОПИС | Базна година 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Почетна вредност на регулираните средства (RABstart) (денари) | 17.795.808.417 | 19.876.146.521 | 20.926.798.701 | 22.359.766.093 | 23.656.271.757 |
| 2 | Нови инвестиции (NI) (денари) | 4.158.796.650 | 3.850.699.947 | 3.932.305.737 | 3.889.273.364 | 3.745.051.461 |
| 3 | Инвестиции финансирани од грантови и надомест за приклучување во текот на годината (CC) (денари) | 435.304.809 | 1.075.524.054 | 690.000.000 | 719.853.239 | 719.290.701 |
| 4 | Амортизација (D) (денари) | 1.621.555.003 | 1.778.299.916 | 1.843.838.345 | 1.908.907.123 | 1.971.579.630 |
| 5 | Амортизација на стекнати средства фнансисрани со капитални придонеси (Dcc) (денари) | 8.803.342 | 53.776.203 | 34.500.000 | 35.992.662 | 35.964.535 |
| 6 | Вредност на отуѓени и расходувани регулирани средства (RABout) | 30.402.076 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | Вредност на регулирани средства на крајот на годината (RABend) (денари) | 19.876.146.521 | 20.926.798.701 | 22.359.766.093 | 23.656.271.757 | 24.746.417.423 |
| 8 | Просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната енергетска дејност во годината (RABav) (денари) | 18.835.977.469 | 20.401.472.611 | 21.643.282.397 | 23.008.018.925 | 24.201.344.590 |
| 9 | Пондерирана просечна цена на капиталот (WACC) | / | / | 9,1923% | 9,1923% | 9,1923% |
| 10 | **Принос на регулирани средства (RA) (денари)** | 1.731.461.268 | 1.878.635.475 | 1.989.517.413 | 2.114.968.213 | 2.224.662.397 |

Во вредноста на NI за 2022 година се вкалкулирани и инвестиции во тек во вредност од 1.999.429.726 денари.

***Планирани трошоци***

| Р.бр. | ОПИС | Базна година 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар (денари) | 381.992.324 | 320.346.643 | 358.044.320 | 366.316.940 | 365.565696 |
| 2 | Тековно одржување, ремонт и услуги за одржување (денари) | 235.213.227 | 329.281.476 | 368.715.051 | 379.776.502 | 391.169.797 |
| 3 | Трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема (денари) | 83.036.337 | 73.653.843 | 79.710.567 | 82.101.884 | 84.564.941 |
| 4 | Бруто плати (денари) | 1.133.500.585 | 1.294.302.418 | 1.441.864.564 | 1.533.191.879 | 1.598.191.096 |
| 5 | Менаџерски плати и награди | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Други услуги (денари) | 805.066.788 | 830.540.750 | 909.143.158 | 987.516.453 | 966.795.896 |
| 7 | Останати и вонредни трошоци (денари) | 226.065.214 | 236.787.978 | 234.504.411 | 240.440.543 | 230.267.528 |
| **8** | **Вкупно оперативни трошоци (денари)** | 2.846.874.475 | 3.084.913.108 | 3.391.982.071 | 3.539.344.201 | 3.636.554.955 |
| 9 | Амортизација (денари) | 1.621.555.003 | 1.778.299.916 | 1.843.838.345 | 1.908.907.123 | 1.971.579.630 |

***Број на вработени***

| Р.бр. | ОПИС | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Број на вработени | 1.570 | 1.561 | 1.570 | 1.570 | 1.570 |

***Пондерирана просечна цена на капиталот WACC***

Бараната пондерирана просечна цена на капиталот, WACC е пресметана за 2023 година што е презентирано во следнава табела:

| **Р.бр.** | **ОПИС** | **2023** |
|---|---|---|
| 1 | Бета фактор неприлагоден | 0,41 |
| 2 | Бета фактор прилагоден | 0,96 |
| 3 | Премија за ризик на сопствен капитал | 10,46% |
| 4 | Премија за ризик на сопствен капитал за Електродистрибуција | 6,89% |
| 5 | Стапка на поврат на безризични вложувања | 2,87% |
| 6 | Цена на сопствен капитал | 9,76% |
| 7 | Удел на сопствен капитал | 60,00% |
| 8 | Пондерирана цена на сопствен капитал | 5,85% |
| 9 | Стапка на поврат на безризични вложувања | 2,87% |
| 10 | Премија на ризик согласно кредитен рејтинг | 3,85% |
| 7 | Цена на долг пред оданочување | 6,72% |
| 11 | Даночна стапка | 90% |
| 12 | Цена на долг по оданочување | 6,05% |
| 13 | Удел на долг | 40,00% |
| 14 | Пондерирана цена на долг | 2,42% |
| 15 | WACC по оданочување | 8,27% |
| **16** | **WACC пред оданочување** | **9,19%** |

***Пренесени трошоци и фактор на корекција***

Пренесените трошоци за 2024 година се пресметани да изнесуваат 162.803.108 денари, додека пак факторот на корекција за 2024 година според Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје изнесува -3.029.537.072 денари.

***Потрошувачка на електрична енергија и број на потрошувачи***

| **Р.бр.** | **ОПИС** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** | **2026** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Број на потрошувачи | 904.717 | 911.657 | 922.597 | 933.668 | 944.872 |
| 2 | ЕЕ на влез во дистрибутивен систем (kWh) | 5.221.273.954 | 4.948.100.788 | 4.955.418.373 | 4.992.449.070 | 5.036.112.602 |

***Трошоци за набавка на електрична енергија за покривање на загуби***

Електродистрибуција со Барањето не достави конкретни податоци за трошоци за набавка на загуби, поради фактот што не беа познати повеќе влезни податоци, како што е количината на електрична енергија на признати загуби одобрена од Регулаторната комисија за енергетика и цената за набавка на електрична енергија за покривање на загубите добиена во тендерска постапка.

***Основен приход, годишен приход по составни елементи и регулиран максимален приход***

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за базната 2022 година има презентирано основен приход во висина од 6.217.890.746 денари, за 2023 година основен приход во висина од 6.746.411.459 денари, за 2024 година основен приход во висина од 7.120.965.348 денари, за 2025 година основен приход во висина од 7.451.284.222 денари и за 2026 година основен приход во висина од 7.778.961.687 денари.

Годишниот приход е прикажан во следната табела:

| Р.бр. | ОПИС | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Годишен приход по составни елементи – АВВ (денари) | 6.217.890.746 | 6.741.848.499 | 7.225.337.830 | 7.563.219.537 | 7.832.796.981 |

Факторот на порамнување (SX) за регулираниот период од Барањето изнесува -0,012998069.

## Анализа од Регулаторната комисија за енергетика

Согласно член 16 од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика започна постапка по Барањето за утврдување на регулиран максимален приход и регулирани тарифи за 2024 година, како и основен приход за 2024, 2025 и 2026 година за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија.

Според одредбите од Правилникот, определувањето на регулиран максимален приход што му се одобрува на регулираното друштво да го оствари во текот на една календарска година од новиот регулиран период, Регулаторната комисија за енергетика го врши врз основа на анализата на остварените финансиски резултати од работењето, односно вршење на регулираната енергетска дејноста на регулираното друштво во 2022 година која претставува базна година за новиот регулиран период.

Анализата на финансиските резултати во себе ја опфаќа анализата на сите составни елементи, на приходите, расходите, средствата и на капиталот. На овој начин утврдениот приход за базната 2022 година, како и анализата за 2023 година, е основа за проекциите во регулираниот период 2024-2026 година.

Според пресметката на вредноста на регулираните средства за вршење на регулираната дејност (RAB), вредноста на просечниот RAB изнесува:

| Р.бр. | ОПИС | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Почетна вредност на регулираните средства (RAB start) (денари) | 17.731.428.045 | 18.143.973.089 | 19.279.955.666 | 20.785.145.770 | 22.141.157.456 |
| 2 | Нови инвестиции (NI) (денари) | 2.503.404.108 | 3.850.699.947 | 3.932.305.738 | 3.889.273.364 | 3.745.051.461 |
| 3 | Бесплатно добиени средства и средства финансирани преку надомест за приклучување во годината (CC) (денари) | 435.304.809 | 1.075.524.054 | 690.000.000 | 719.853.239 | 719.290.701 |
| 4 | Амортизација (D) (денари) | 1.615.955.520 | 1.692.969.519 | 1.771.615.634 | 1.849.401.101 | 1.924.302.130 |
| 5 | Амортизација на стекнатите средства финансирани од капитални придонеси, (Dcc) (денари) | 8.803.342 | 53.776.203 | 34.500.000 | 35.992.662 | 35.964.535 |
| 5 | Вредност на отуѓени и расходувани регулирани средства (RABout) (денари) | 30.402.076 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Вредност на регулирани средства на крајот на годината (RABend) (денари | 18.143.973.089 | 19.279.955.666 | 20.785.145.770 | 22.141.157.456 | 23.278.580.621 |
| 7 | Просечна вредност на средствата со кои се врши регулираната енергетска дејност во годината (RABav) (денари) | 17.928.700.567 | 18.711.964.377 | 20.032.550.718 | 21.463.151.613 | 22.709.869.039 |
| 8 | Пондерирана просечна цена на капиталот (WACC) | 6,81% | 6,81% | 6,81% | 6,81% | 6,81% |
| 9 | Принос на регулирани средства (RA) (денари) | 1.220.557.249 | 1.273.880.377 | 1.363.784.001 | 1.461.177.021 | 1.546.051.548 |

Новите инвестиции се преземени од доставените податоци од Барањето, при што за 2022 година се земени во предвид и инвестициите во тек, во висина од 385.449.172 денари направени само во таа година.

Вредноста за инвестиции финансирани од грантови и надомест за приклучување во текот на годината за 2024, 2025 и 2026 година е земена иста како и доставените податоци од Барањето.

Вредноста на амортизацијата за 2024, 2025 и 2026 година е земена иста како во Барањето, намалена за вредноста на амортизацијата на одземените средства.

Пресметката на просечната пондерирана цена на капиталот (WACC) е прикажана во следната табела:

| Р.бр. | ОПИС | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1 | Сопствен капитал (%) | 60,00% |
| 2 | Долгорочен долг, Debt (%) | 40,00% |
| 3 | Цена на долг, Kd (%) | 4,50% |
| 4 | стапка на поврат без ризик, Rf (%) | 0.65% |
| 6 | Ризик согласно кредитен рејтинг на РСМ (%) | 3,85% |
| 7 | Бета фактор неприлагоден, β | 0,41 |
| 8 | Бета фактор прилагоден, β | 0,66 |
| 8 | Премија за ризик MRP | 10,46% |
| 9 | Стапка на данок на добивка, Тр (%) | 10,00% |
| 10 | Пондерирана просечна цена на капиталот на реална основа | 6,13% |
| **11** | **Пондерирана просечна цена на капиталот на реална основа пред оданочување, WACC (%)** | 6,81% |

Вредноста на цената на долгот, Kd (%) е пресметана како збир од Стапката на поврат без ризик што претставува пет годишен просек од стапките на поврат без ризик на Сојузна Република Германија со период на доспевање од 10, 15 и 30 години и Стапката на ризик на државните обврзници на Република Северна Македонија дефинирана како Default spread согласно податоците од базите на Дамодаран од 14 јули 2023 година.

Цената на сопствениот капитал претставува збир на Стапката на поврат без ризик што претставува пет годишен просек од стапките на поврат без ризик на Сојузна Република Германија со период на доспевање од 10, 15 и 30 години и Премијата за ризик на Република Северна Македонија која согласно податоците од базите на Дамодаран од 14 јули 2023 година и истата изнесува 10,46 врз чија вредност се аплицира прилагодениот Бета фактор.

Бета факторот неприлагоден се однесува на волатилноста на сопствениот капитал карактеристична за секторот на услужни дејности во развиените пазари кој согласно податоците од базите на Дамодаран од 5 јануари 2023 година изнесува 0,41. Бета факторот прилагоден се добива како функција на Бета факторот неприлагоден и соодносот на долгот наспроти сопствениот капитал.

***Оперативни трошоци***

На Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје се одобруваат следните оперативни трошоци, пресметани согласно Правилникот:

| Р.бр. | ОПИС | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар (денари) | 381.992.323 | 300.777.580 | 308.297.020 | 314.462.960 | 320.752.220 |
| 2 | Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на средствата (денари) | 235.213.228 | 244.443.953 | 368.715.051 | 379.776.502 | 391.169.797 |
| 3 | Трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема (денари) | 83.036.337 | 73.653.843 | 79.710.567 | 82.101.884 | 84.564.941 |
| 4 | Бруто плати (денари) | 1.133.500.585 | 1.294.302.418 | 1.636.318.079 | 1.390.584.441 | 1.418.396.130 |
| 4.1 | Број на вработени | | | 1590 | 1590 | 1590 |
| 4.2 | Просечна бруто плата (денари) | | | 71.453 | 72.882 | 74.339 |
| 5 | Менаџерските плати и менаџерските награди (денари) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Други услуги (% од тригодишен просек) (денари) | 793.539.144 | 644.134.301 | 660.237.659 | 673.442.412 | 686.911.260 |
| 7 | Останати и вонредни (екцесни) трошоци (денари) | 278.498.786 | 262.627.911 | 234.504.411 | 240.440.543 | 230.267.528 |
| **8** | **ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ (денари)** | 2.905.780.403 | 2.819.940.006 | 3.014.782.787 | 3.080.808.742 | 3.132.061.875 |

Вредноста на оперативните трошоци за базната 2022 година е утврдена согласно споредбената анализа на остварените оперативни трошоци во претходните периоди и неопходноста на трошокот и можноста истиот да се контролира од страна на друштвото.

Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар за 2024 година се пресметани согласно остварените трошоци во 2023 година зголемени за стапката на инфлација, истите трошоци се соодветно зголемени и во наредните години од регулираниот период.

Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства за 2024 година се пресметани согласно остварените трошоци во 2023 година зголемени за стапката на инфлација, истите трошоци се соодветно зголемени и во наредните години од регулираниот период.

Трошоците за осигурување на основни средства се прифатени согласно презентираните трошоци во Барањето.

Трошоците за бруто плати се пресметани врз основа на просечната исплатена плата во 2023 година и истите се зголемени за определено зголемување на број на вработени во наредниот период.

Другите услуги за 2024 година се пресметани согласно остварените трошоци во 2023 година зголемени за стапката на инфлација, истите трошоци се соодветно зголемени и во наредните години од регулираниот период.

Останатите и вонредните трошоци за 2024 година се прифатени согласно презентираните трошоци во Барањето.

Вредноста на CPI е земена според достапните податоци од кварталниот извештај објавен во ноември од Народна банка на Република Северна Македонија и изнесува 8,9% за 2023 година, 2,5% за 2024 и 2% за 2025 и 2026 година.

При пресметката на факторот за корекција на дистрибуирана количина на електрична енергија (QA) за 2024, 2025 и 2026 година, Регулаторната комисија за енергетика користеше податоци презентирани во Барањето.

Факторот на порамнување за регулираниот период (SX) е утврден да изнесува 0.02368.

***Трошоци за набавка на електрична енергија за покривање на одобрени загуби***

Трошоците за набавка на електрична енергија за покривање на одобрените загуби во дистрибутивната мрежа се пресметани во согласност со член 9 од Правилникот. При определувањето на трошоците за набавка на електрична енергија за покривање на одобрените загуби во 2024 година, се користени податоци доставени во Барањето, и истите се презентирани во следнава табела:

| Р.бр. | ОПИС | 2024 |
|---|---|---|
| 1 | Набавена количина на електрична енергија за покривање на загуби на електрична енергија во дистрибутивната мрежа, (kWh) | 785.000.000 |
| 2 | Набавна цена, LP (ден/kWh) | 6,7633 |
| 3 | Трошоци за одобрени загуби, L (денари) | 5.309.164.704 |

Одобрените количини на електрична енергија за покривање на загуби се во износ од 785 GWh согласно Планот за намалување на загуби на електрична енергија во електродистрибутивниот систем

на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за период 2024-2026 година одобрен од страна на Регулаторна комисија за енергетика.

***Пренесени трошоци (SPT)***

Пренесените трошоци (SPT) за 2024 година се утврдени да изнесуваат 119.020.204 денари, и истите се преземени од Барањето и се презентирани во следнава табела:

| Р.бр. | ОПИС | 2024 |
|---|---|---|
| 1 | Регулаторен надомест, трошок за надомест за концесија, еколошки такси и даноци на имот TFt, (денари) | 19.007.148 |
| 2 | Трошоци за порамнување на дебаланси (денари) | 100.013.056 |
| **3** | **Пренесени трошоци, SPTt (денари)** | **119.020.204** |

***Дистрибуирана количина на електрична енергија***

Количината на електрична енергија дистрибуирана до крајните потрошувачи за 2024 година е утврдена да изнесува 4.955.418.373 kWh.

***Фактор на корекција (К)***

Факторот на корекција за регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија за 2022 година, а кој се применува за 2024 година, е определен со Одлука на Регулаторната комисија за енергетика УП1 бр. УП1 бр. 08-364/23 од 27 јуни 2023 година. Вкупно преостанатиот фактор на корекција од 2022 година и претходните години изнесува -2.963.032.484 денари. Регулаторната комисија за енергетика во оваа одлука зема предвид -118.521.299 денари. Преостанатиот фактор на корекција во износ од 2.844.511.185 денари Регулаторната комисија за енергетика ќе го има предвид наредните години.

Просечната тарифа за дистрибуција на електрична енергија за 2024 година утврдена со оваа Одлука изнесува 2,3960 ден/kWh и се зголемува за 13,37% во однос на претходната 2,1135 ден/kWh.

Врз основа на податоците од доставеното барање, како и податоците кои и стојат на располагање на Регулаторната комисија за енергетика, а имајќи ги предвид Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија за потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следново:

1. Распределбата на составните елементи на регулираниот максимален приход за соодветните категории на приклучоци е преземена од податоците од Барањето. Распределбата на регулираниот максимален приход за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија за 2024 година што зависи од врвна активна моќност, односно активна електрична енергија по категории на приклучоци е презентирана во следнава табела:

| Категории на приклучоци | Распределба на приход (денари) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Надоместок за користење на електродистрибутивниот систем | | Моќност | Вкупна моќност | Активна електрична енергија | Вкупно |
| | Број | 1 | 2 | 3=1+2 | 4 | 5=3+4 |
| MV1 | 76 | 1.368.000 | 91.900.126 | 93.268.126 | 16.157.666 | 109.425.792 |
| MV2 | 1.280 | 23.040.000 | 882.215.686 | 905.255.686 | 171.797.012 | 1.077.052.698 |
| LV1.2 | 6.872 | 123.969.000 | 747.891.140 | 871.587.140 | 125.650.599 | 997.237.739 |
| LV1.1 | 3.718 | 0 | x | | x | x |
| LV2 | 915.492 | 2.179.180.800 | x | 2.197.180.800 | 7.492.399.248 | 9.689.580.048 |
| **Вкупно** | **927.438** | **2.345.284.800** | **1.722.006.952** | **4.067.291.752** | **7.806.004.524** | **11.873.296.276** |

2. Распределбата на испорачаните количини на активна електрична енергија и врвна активна моќност за 2024 година, за соодветните категории на приклучоци е преземена од Барањето, и е презентирана во следнава табела:

| Категории на приклучоци | Количини на активна електрична енергија и врвна активна моќност | |
|---|---|---|
| | моќност (kW) | активна електрична енергија (kWh) |
| | 1 | 2 |
| MV1 | 494.655 | 188.208.280 |
| MV2 | 2.347.247 | 711.457.474 |
| LV1.2 | 1.207.736 | 327.490.975 |
| LV1.1 | x | x |
| LV2 | x | 3.728.261.643 |
| **Вкупно** | **4.049.647** | **4.955.418.373** |

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**УП1 бр. 08-873/23**
**22 декември 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**